Врз основа на член 166 – з од Законот за заштита на децата (Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 25.02.2025 година, донесе

**Одлука**
**за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните административни службеници во ЈОУДГ „Детска радост“ Струмица за 2025 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните административни службеници во ЈОУДГ „Детска радост“ Струмица за периодот од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година изнесува 81,6 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-1305/1 Совет на општина Струмица
25.02.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 36.

Врз основа на член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ“ бр.66/2004, 139/2008, 99/2009, 149/14, 150/15, 37/16 и „Службен весник на РСМ“ бр.257/20) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 25.02.2025 година, донесе

**Програма**
**за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Струмица во 2025 година**

I. Вовед

Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести е во согласност со член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ“ бр.66/2004, 139/2008, 99/2009, 149/14, 150/15, 37/16 и “Службен весник на РСМ“ бр.257/20) каде е уредено дека Советите на општините по претходно мислење на надлежниот центар за јавно здравје за подрачјето за кое е основан донесуваат програми за спроведување на општите мерки за заштитата на населението од заразни болести на своето подрачје.

Заштитата на населението од заразни болести претставува организирана оптштествена активност со цел да се спречи појавата или да се намали, отстрани или искорени ширењето на заразни болести, кои се од посебно значење за Р.С.Македонија.

За заштита од заразни болести се спроведува епидемиолошки надзор и се применуваат општи и посебни мерки, а по потреба и вонредни мерки.

Епидемиолошкиот надзор го организираат и спроведуваат

епидемиолошките служби при Институтот за јавно здравје и регионалните центри за јавно здравје.

Општите мерки за заштита од заразни болести ги програмираат и планираат општините, на предлог на Центрите за јавно здравје. Во овие мерки вклучуваат:

1. Обезбедување здравствено исправна вода за пиење и контрола на исправноста на водата;
2. Отстранување на отпадните води и цврстите материи на начин кој спречува загадување на човековата околина;

   Обезбедување санитарно-технички и хигиенски услови во јавни објекти (училишни и предучилишни установи, објекти за храна, објекти за водоснабдување, други јавни установи и други јавни места);

4. Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација;

   Обезбедување на превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјетона населението;

6. Одржување на комуналната хигиена.

Општите мерки ги организира единицата на локална самоуправа и се спроведуваат во согласност со стандардите и постапките утврдени со закон за секоја дејност одделно.

Посебни (специфични) мерки за заштита на населението од заразни болести се:

1. Откривање на заразни болести-поставување дијагноза;
2. Лабораториско испитување за утврдување на причинителот на заболувањето;
3. Пријавување на заразни болести;
4. Епидемолошки испитувања;
5. Превоз, изолација и лечење на болни од заразна болест;
6. Карантин и здравствен надзор;
7. Здравствени прегледи на одредени категории на вработени, како и на лица и бацилоносители одредени со закон;
8. Имунизација и хемиопрофилакса;
9. Дезинфекција, дезинсекција и дератизација по епидемиолошки индикации.

Специфичните мерки за заштита од заразни болести ги планираат и извршуваат здравствените работници во референтни здравствени установи, според специфичната цел и мерки за кои се регистрирани.

Во услови на епидемии и катастрофи од поширок размер се спроведуваат и вонредни мерки за заштита од заразни болести. Вонредните мерки ги предлага Комисија за заштита од заразни болести.

Спроведувањето на мерките за заштита на населението од заразни болести и средствата за нивно спроведување имаат приоритет во однос на спроведувањето на останатите мерки за здравствена заштита.

II. Активности

Со Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести се утврдуваат активностите, извршителите, роковите и изворите на финансиски средства заспроведување на општите мерки во спречувањето и сузбивањето на заразните и другите заболувања на територијата на Општина Струмица.

Општите мерки и активности ги организира и следи Општина Струмица, во соработка со ЈЗУЦентар за јавно здравје Струмица.

За заштита на населението од заразни болести во Општина Струмица, во 2025 година, ќе сеспроведат следниве општи мерки:

1. Обезбедување здравствено исправна вода за пиење и контрола на исправноста на водата;
2. Обезбедување на хигиено-технички услови во училишните и предучилишните установи;
3. Отстранување на цврстиот отпад и отпадните води на начин кој ќе овозможи заштитана човековата околина од загадување;
4. Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација и други хигиено-технички мерки во населени места и други јавни површини;

5. Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението;
6. Одржување на комуналната хигиена.

**1.1** Обезбедување здравствено исправна вода за пиење и контрола наисправноста на водата

Општина Струмица и во 2025 година генерално ќе продолжи да се грижи за континуирано снабдување на населението со доволни количини на здравстено исправана вода за пиење.

Верификација на квалитетот и исправноста на водата за пиење од системите за водоснабдување и информирање на корисниците за квалитетот на водата го врши ЈЗУ Центар за јавно здравје Струмица, најмалку еднаш месечно.

Периодичните анализи се вршат двапати годишно во ЈЗУ Институт за јавно здравје Скопје.

**2.1** Обезбедување на хигиено-технички услови во училишните и предучилишните установи

Децата и учениците се највулнерабилна категорија на население. За заштита на нивниот интегритет, а особено од заразна жолтица и други цревни заболувања се вршат и редовни контроли на училишните и предучилишните установи од страна на санитарниот и здравствен инспектор и лекарите од Центарот за јавно здравје.

Врз основа на теренските увиди, сите училишта и градинки добиваат извештај за утврдената состојба, со предлог мерки за подобрување доколку е потребно.

**3.1** Отстранување на цврстиот отпад и отпадните води

Отстранувањето на цврстиот отпад во Општина Струмица се спроведува во градот Струмица и во населените места Свидовица, Сачево, Рич, Чепели, Раборци, Просениково, Попчево, Орманли, Муртино, Мемешли, Куклиш, Костурино, Злешево, Дорломбос, Добрејци, Дабиље, Градско Балдовци, Габрово, Водоча, Вељуса, Белотино, Банско и Банциа го врши Јавното комуналнопретпријатие „Комуналец “.

Општина Струмица во 2025 година ќе продолжи со пренесување на надлежностите иотстранувањето и депонирањето на цврстиот отпад ќе го пренесе на Јавното комунално претпријатие. Со овие мерки општината паралелно ќе продолжи со постепеното елиминирање и на дивите депонии.

Заради заштита од заразни болести:

- ќе се врши редовна дезинфекција на садовите за складирање на отпадот;

- инцидентно ќе се превземаат хитни интервенции со специјално возило при затнување на канализационната мрежа во општина Струмица.

**4.1** Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во населени места и на други јавни површини

Заради поголема ефикасност, Општина Струмица и оваа година планира превентивната дезинсекција да ја спроведе како заедничка активност на општините од Југоисточниот плански регион. Притоа ларвицидната дезинсекција ќе се извршува според претходно утврдена динамика, а адултицидна дезинсекција ќе се изведува во неколку наврати според оперативен план, усогласен со акционниот план на Центарот за јавно здравје. Во функција на тоа општината веќе има извршено евидентирање (мапирање) на сите стоечки води, бари, канали, речни корита и други лежишта на комарци.

Дератизација со поставување на мамци во шахти од фекална канализација ќе се реализира во месец Мај. Носител на оваа активност ќе биде Јавното претпријатие „Комуналец “ Струмица.

Дератизација и дезинфекција во другите јавни установи под надлежност на општината ќе врши секоја од јавните установи индивидуално.

**5.1** Превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението

Здравствената едукација на населението ќе се реализира во соработка со Центарот за јавно здравје Струмица. Притоа населението редовно ќе се информира за вектор преносливите заразни заболувања преку учество на локалните медиуми, изработка на информативно-едукативни летоци, брошури и флаери. Непосредната комуникација на терен со месното население ќе биде важен сегмент со цел подигање на степенот на индивидуалната можност на населението за самозаштита исправување.

**6.1** Одржување на комуналната хигиена

Одржувањето на комуналната хигиена ќе се врши согласно Програмата на Советот на Општина Струмица за одржување на јавната чистота.

III. Начин на финансирање

Финансирањето на превентивната дезинсекција, дезинфекција и дератизација, ќе се реализира преку Буџетот на општина Струмица за 2025 година - Програма Ј4 – Јавна чистота или ќе се релизира преку јавна набавка со избор на фирма која ги исполнува законските и други услови за нејзино спроведување.

IV. Завршни одредби

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Струмица“

Бр.08-1306/1 Совет на општина Струмица
25.02.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 37.

Врз основа на член 95 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19), Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14,28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22), Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Сл.Весник на РМ” бр. 193/16 и 72/18), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 20 став 1 точка 12 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица” бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 25.02.2025 година, донесе:

**Програма**
**за дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Струмица за 2025 година**

**I.**Во Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Струмица за 2025 година („Службен гласник на општина Струмица“ бр.17/24) се врши следното дополнување:

После глава VI се додава:

**VII. Надоместок за експропријација на градежното земјиште**

За обештетување за градежно земјиште за пробивање на улици, тротоари и џебови на улици во градот Струмица и населените места ќе се наплаќа како што следува:

Градежно неизградено земјиште во потесниот градежен реон на град Струмица:

1. Вредноста на неизграденото градежно земјиште во потесниот градежен реон на град Струмица ограничен со Генералниот урбанистички план, се определува спрема зоната во која се наоѓа, и тоа:

Во Прва зона ....... ........1.200,оо ден/м$^2$;
Во Втора зона ..... .........1.000,оо ден/м$^2$;
Во Трета зона ........ .......... 800,оо ден/м$^2$;
Во Четврта зона ... ..........500,оо ден/м$^2$;

2. Вредноста на неизграденото градежно земјиште во потесниот градежен реон на населените места ограничени со УДНМ или ГУП изнесува 200,оо ден/м$^2$ .

3. Вредноста на градежното неиградено земјиште надвор од потесниот градежен реон

за кое постои урбанистички план, ќе се наплатува како што следува:

3.1. Во прва зона - покрај потесниот градежен реон на град Струмица (на пр. Пречистителна станица) ...........................................400,оо ден/м$^2$ ;

3.2. Во втора зона - покрај магистрален пат и населените места со Одлука за определување на градежниот реон .................... 300,оо ден/м$^2$ ;

3.3. Во трета зона - покрај останати јавни патишта надвор од потесниот реон на населбите .............................................................. .. 200,оо ден/м$^2$;

3.4. Во Четврта зона - во и покрај пасивните и заостанати населени места - Рич, Белотино и Попчев........................................... 40,оо ден/м$^2$.

**VIII. Граници на зони во потесниот градежен реон на град Струмица**

**1. Прва зона** - го опфаќа подрачјето во централниот дел од градот кој е ограничен со улиците:

Дел од ул. „Ленинова” покрај паркот пред зградата на Општината, ул.”Боро Џони”, “Орце Николов”, “Ванчо Китанов”, ја пресекува ул. “Благој Мучето”, кај споменикот на револуцијата, “24-ти Октомври”, “Младинска”, „Кр. Република”, “Димитар Влахов” и се затвора со ул. „Ленинова”.

**2. Втора зона** - го опфаќа подрачјето надвор од границите на прва зона и тоа:

Просторот ограничен со: патот М-6, ул.”Климент Охридски”, ул.”Ѓорги Упчев”, ул. „Бетовенова”, ул. „5-ти Ноември”, ул. „Стив Наумов”, граница на урбаниот опфат со ГУП, до спој со патот М-6.

**3. Трета зона** - го опфаќа просторот надвор од втората зона во рамките на градежниот опфат со ГУП и тоа источно од патот М-6, источно од бул. “Климент Охридски”, јужно од ул. “Ѓорги Упчев”, западно од ул. “Маршал Тито” и северно од границата на Урбан модул 26 дефиниран со ГУП на град Струмица.

**4. Четврта зона** - го опфаќа просторот на повисокиот дел на градот и тоа над улиците: “Бетовенова”, Славчо Стојменски”, Бел Камен”, “Пиринска”, “Партизанска”, ја пресекува ул. “Васил Главинов” и од над ул. “Стив Наумов”.

**IX. Завршни одредби**

Започнатите постапки за издавање на одобрение и на одобрение за употреба ќе продолжат според прописите кои важеле до денот на стапувањето во сила на оваа Програма, а спрема законски предвидениот рок за завршување на тие постапки.

Бр.08-1307/1 Совет на општина Струмица
25.02.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 38.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на РСМ” број 202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 25.02.2025 година, донесе

**Заклучок**
**за давање согласност на Одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈПЕД „Струмица - Гас“ Струмица за 2025 година**

1.Се дава согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈПЕД „Струмица - Гас“ Струмица за 2025 година број 02-65/4 од 07.02.2025 година.

- Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-1308/1 Совет на општина Струмица
25.02.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 39.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и

208/24)), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 25.02.2025 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „Паркиралишта-Струмица“ Струмица за 2025 година**

- Се дава согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „Паркиралишта-Струмица“ Струмица за 2025 година, бр. 02-182/4 од 29.01.2025 година, донесена од Управниот одбор на ова претпријатие.

- Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-1309/1 Совет на општина Струмица
25.02.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

**40.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/2012, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 25.02.2025 година, донесе:

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Ценовникот за работа на ЈПКД „Комуналец“ Струмица во 2025 година**

1. Се дава согласност на Ценовникот за работа на ЈПКД „Комуналец“ Струмица во 2025 година, бр.02-883/6 од 30.01.2025 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-1310/1 Совет на општина Струмица
25.02.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

**41.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 25.02.2025 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈПЗБК „Стационар Лана“ Струмица за 2025 година**

- Се дава согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈПЗБК „Стационар Лана“ Струмица за 2025 година,бр. 02-57/2 од 05.02.2025 година, донесена од Управниот одбор на ова претпријатие.

- Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-1311/1 Совет на општина Струмица
25.02.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 42.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/2012, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 25.02.2025 година, донесе:

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Одлука за усвојување на Ценовник за утврдување на цените на активностите и услугите на ЈПЗБК „Стационар-Лана“ Струмица кон Општина Струмица**

1. Се дава согласност на Одлуката за усвојување на Ценовник за утврдување на цените на активностите и услугите на ЈПЗБК „Стационар-Лана“ Струмица кон Општина Струмица, бр.02-58/4 од 05.02.2025 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-1312/1 Совет на општина Струмица
25.02.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 43.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/2012, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 25.02.2025 година, донесе:

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Одлука за усвојување на Ценовник за утврдување на цените на активностите и услугите на ЈПЗБК „Стационар - Лана” Струмица**

1. Се дава согласност на Одлуката за усвојување на Ценовник за утврдување на цените на активностите и услугите на ЈПЗБК „Стационар - Лана” Струмица, бр.02-58/5 од 08.02.2025 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-1313/1 Совет на општина Струмица
25.02.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 44.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 25.02.2025 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈСП „Струмица - Транспорт“ Струмица за 2025 година**

- Се дава согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈСП „Струмица - Транспорт“ Струмица за 2025 година, бр. 02-37/3 од 06.02.2025 година, донесена од Управниот одбор на ова претпријатие.

- Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-1314/1 Совет на општина Струмица
25.02.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

**45.**

Врз основа на член 37 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 25.02.2025 година, донесе:

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување на ЈСП „Струмица – Транспорт" Струмица за 2025 година**

1.Се дава согласност на Измената на Годишниот план за вработување на ЈСП „Струмица – Транспорт" Струмица за 2025 година, број 04-45/1 од 17.02.2025 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр.08-1315/1 Совет на општина Струмица
25.02.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

**46.**

Врз основа на член 37 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 25.02.2025 година, донесе:

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност за обезбедени финансиски средства за Измена на Годишниот план за вработување на ЈСП„Струмица – Транспорт " Струмица за 2025 година**

1.Се дава согласност за обезбедени финансиски средства за Измена на Годишниот план за вработување на ЈСП„Струмица – Транспорт " Струмица за 2025 година, број 04-47/1 од 17.02.2025 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр.08-1316/1 Совет на општина Струмица
25.02.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

**47.**

Врз основа на член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20) и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18 ,16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 25.02.2025 година, донесе:

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Измена и дополнување на Годишниот план за вработување за 2025 година на ООУ „Сандо Масев" Струмица**

1. Се дава согласност на Измена и дополнување на Годишниот план за вработување за 2025 година на ООУ „Сандо Масев" Струмица бр. 01-110/1 од 17.02.2025 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр.08-1317/1 Совет на општина Струмица
25.02.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

**48.**

Врз основа на член 116 алинеја 8 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија"

бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22 и 17/25) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 25.02.2025 година, донесе:

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ „Детска радост“ Струмица**

1. Се дава согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ „Детска радост“ Струмица бр. 01-53/1 од 18.02.2025 година, донесен од Управниот одбор на детската градинка со Одлука.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-1318/1 Совет на општина Струмица
25.02.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..